Со изборот на тројца нови регионални експерти од граѓанското општество, [Граѓанскиот ресурсен центар] го проширува своето делување и поддршка на локално ниво, поточно во Североисточниот, Југоисточниот и Вардарскиот плански регион.




Во мај 2026 г. Жаклина Цветковска, Столе Георгиев и Ѓорѓи Нанчев ги започнаа своите активности како регионални експерти од граѓанското општество кои ќе функционираат како ресурсни соработници на ГРЦ за поддршка, комуникација и зајакнување на локалните организации. Тие беа избрани на отворениот [Повик за избор на регионални експерти од граѓанско општество].

Избраните експерти, како составен дел на Националната платформа на ГРЦ на поддржувачи на граѓанските организации, ќе обезбедуваат ресурси, насоки и поддршка на локално ниво, за подобрување на капацитетите на ГО во соодветните региони и пошироко. Тие ќе поттикнуваат соработка и вмрежување меѓу ГО како и со други

засегнати страни и ќе го олеснуваат споделувањето на знаење и најдобри практики меѓу ГО.



**Жаклина Цветковска е регионален експерт за Североисточниот плански регион.**

Таа има над 25 години искуство во граѓанско општество како и над 30 години искуство со новинарство и медиуми. Дополнително, има околу 15 години искуство во спроведување обуки, фацилитирање и менторство во различни области како видливост и односи со јавноста, застапување и креирање политики како и секторите: локален економски развој и родови прашања.

„Како регионален експерт на ГРЦ мојата задача е практично да им помогнам на граѓанските организации да изградат посилни капацитети и да станат препознатливи во јавноста. Со конкретно менторство и насоки, целта е организациите да станат поефикасни, поодржливи и значително повидливи за да можат да го зголемат своето влијание врз општествените промени“ истакна Жаклина Цветковска при започнувањето на нејзиниот ангажман на локално ниво.



